Димитар Аврамовски

# ПАНДИЛОВ

1899-1963

Фестивал „Охридско лето“
Уметничка галерија – Скопје

Организатор: Уметничка галерија – Скопје
Одговорен уредник: Драган Бошнакоски
Автор на изложбата и предговор: Жарко Този
Соработник: Лисичков Славко
Ликовно обликување: Коле Мишев
Фотографии: Тричковски Ѓорѓи
Печат:
Тираж: 300

Дом на културата „Глигор Прличев“ – Охрид
12-25. јули 1990

Уметничка галерија – Скопје
септември 1990



Автопортрет, 1926
масло за платно



Жетварки, 1936
масло за платно

Димитар Аврамовски Пандилов-Пандил, е роден на 14 март 1899 година во с. Тресонче. Основното училиште го завршил во родното место. Натамошното школување-гимназија и Художествена академија завршил во Софија. Во класата по сликарство, под раководство на проф. Стефан Митов 1924 година ја завршува специјализацијата. Од 1924 до 1926 година со чичко му Крсто Аврамов ја зографисува црквата во с. Бедиње – Кумановско. Во 1926 година е назначен за ликовен педагог во гимназијата во Ќуприја. По едногодишна работа е отпуштен од работа и се враќа во Скопје. Од 25.X-6.XI 1927 година самостојно излага во Скопје. Истата годна заминува во Франција, престојува во Монпелие и самостојно излага во Galerie des Beaux Arts. Во 1928 година се преселува во Париз. Збогатен со нови сознанија за творештвото на старите мајстори, реалистите и импресионистите, се враќа во Македонија каде што не наоѓа на прием и разбирање од тогашните власти. Емигрира во Бугарија, каде е назначен за ликовен педагог во прогимназијата во с. Хајредин-Охрезовско, каде што останува 14 години. Упорно твори и од 1930 година самостојно и групно излага во Софија и други градови во Бугарија.

По ослободувањето во 1945 година се враќа во Скопје. Работи како ликовен педагог во Гимназија и училиштето за применета уметност. Излага на изложбите на ДЛУМ и самостојно. Со македонските уметници се претставува на изложбите организирани во Македонија, другите републики во СФРЈ и надвор од земјата. Од 4.X-4.XI 1956 година во Уметничкиот павилјон во Скопје организирана е јубилејна изложба од творештвото на Пандилов. Неговиот богат творечки опус, што се состои од платна сликани со маслени бои и акварели, се одликуваат со импресионистичка нагласка, реализирани во еден здив, со леснотија и енергичен потег на четката. Звучноста на бојата и сликарскиот рафирман е обележјето на творештвото на првиот академски образован ликовен уметник од Македонија во првата половина на овој век. Неговото творештво го прекинува трагичната смрт во урнатините на неговиот дом и ателје во катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје на 26 јули 1963 година.

Неговите творби се наоѓаат во уметнички галерии и музеи во Македонија и приватни збирки. Во 1984 година, во Музејот на современата уметност во Скопје беше организирана монографско-ретроспективна изложба од творештвото на Димитар Аврамовски Пандилов, и издадена монографија чиј автор е Соња Абаџиева-Димитрова.

Изобр од творештвото за ова презентирање на Пандилов е составен главно од експонати од колекцијата на Уметничката галерија во Скопје, и има за цел да прикаже дел од неговото творештво и да не потсети на незаборавниот чичко Пандил.

Жарко Този

Дела на Димитар Аврамовски ПАНДИЛОВ предвидени за изложбата во Охрид

1. **„Портрет на старец“**, 1922
масло на платно
дим. 43 × 29.5
дат. и сигн. д.д. 1922 Д. Пандилов
2. **Циганче“**, 1926
масло на платно
дим. 27,5 × 18,5
сигн. со монограм
3. **„Автопортрет“**, 1926
масло на платно
дим. 38,3 × 26.9
сигн. со монограм 1926
4. **„Турци на пазар“**, 1926
масло на картон
дим. 18 × 26
дат. сигн. и дат. д.д. 1926 Д. П. 1926
5. **„Продавач на кадаиф“**, 1926
масло на платно
дим. 19 × 26
дат. д.д. 1926
6. **„Мост на реката Дрим“**, 1927
масло на платно
дим. 53 × 64
сигн. д.д. Д. Пандилов
7. **„Оро од скопско село“**, 1927
акварел
дим. 28,5 × 44,5
дат. и сигн. д.д. 927 Д. Пандилов
8. **„Скопско кале“**, 1928
масло на платно
дим. 23 × 16
дат. и сигн. д.д. Д. П 1928
9. **„Акт“**, 1928
акварел
дим. 22,5 × 30
сигн. д. монограм 25.IV 1928, Pas
10. **„Жетварки“**, 1936
масло на платно
дим. 60 × 67
дат. и сигн. д.д. 1936 Д. Пандилов
11. **„Товарење снопови“**, 1936
масло на шпер
дим. 48 × 60
дат. и сигн. д.д. 1936 Д. Пандилов
12. **„Скопска гара“**, 1947
масло на шпер
дим. 44 × 55
сигн. д.д. Д. Пандилов
13. **„Плажа на Вардар“**, 1948
масло на картон
дим. 67 × 81
дат. и сигн. д.л. 1948 Д. Пандилов
14. **„Улица во старо Скопје“**, 1949
масло на платно
дим. 54,5 × 64,5
дат. и сигн, д.л. 1949 Д. Пандилов
15. **„Улица во Охрид“**, 1950
масло на платно
дим. 87 × 76
дат. и сигн. д.д. VIII 1950 Д. Пандилов
16. **„Волови“**, 1952
цртеж-туш
дим. 32 ×44,5
дат. и сигн. д.д. 1952 Д. Пандилов
17. **„Собирање снопје“**, 1952
масло на платно
дим. 55 × 65
дат. и сигн. д.д. 1952 Д. Пандилов
18. **„Бачило“**, 1953
цртеж-туш
дим. 27 × 38
дат. и сигн. д.л. 1953-23. VIII Пандилов
19. **„Сладок ручек“**, 1953
масло на платно
дим. 75 × 86
дат. и сигн. д.д. 1953 Д. Пандилов
20. **„Цвеќе“**, 1953
масло на платно
дим. 64 × 53
сигн. д.д. Д. Пандилов
21. **„На пазар“**, 1926
масло на платно
дим. 30 × 20,5
сигн. д.д. Д. Пандилов
22. **„Вагони (два вагона)**, 1950
масло на платно
дим. 59 × 75,5
без сигнатура
сопст. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Охрид